19-ти СИМПОЗИУМ ЗА ТУТУН

19-th SYMPOSIUM ON TOBACCO

# ЗБОРНИК НА РЕЗИМЕА
# BOOK OF ABSTRACTS

ОХРИД OHRID

СЕПТЕМВРИ 22 - 24 1999 SEPTEMBER

## УНАПРЕДУВАЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ (QM) СО ПОСЕБЕН ПОГЛЕД КОН МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ТУТУН И ТУТУНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ ISO-9000 И ДР.

**Т.Мицески[1], И.Нунески[2], М.Смоквоски[3]**
[1]Институт за тутун -Прилеп
[2]Тутунски Комбинат - Прилеп
Р. Македонија

Менаџментот со квалитетот во производство на тутун и тутунските преработки, пред сé, е континуиран процес на размислување за унапредување на производството и задоволување на барањата како на призводителите така и на потрошувачите.

Унапредувањето на квалитетот на сите нивоа мора да се заснива врз: трајното подобрување на активностите, односите и мотивацијата на вработените; постојаната информација како за inputi и outputi процесите, така и за севкупните состојби во организацијата (претпријатието): спречување на грешките, наместо отклонување;постојана примена на професионална метода (планирај, направи, провери и преземи активности), итн.

Со цел постигнување на складност на македонските норми за тутун со оние во Европа и светот, мораме постепено да ги преземаме **DIN ISO** меѓународните норми.
Целта на овој труд е да го истакнеме значењето на воведување на системот за квалитет ISO 9000, како и да изнесиме некои од меѓународните норми за тутун и тутунските преработки, припремени од техничкиот одбор за квалитет ISO/TC 126.

## QUALITY MANAGEMENT (QM) WITH A SPECIAL REFERENCE TO ISO-9000 - INTERNATIONAL STANDARDS FOR TOBACCO AND TOBACCO PRODUCTS

T. Miceski[1], I.Nuneski[2], M. Smokvoski[3]
[1] Tobacco Institute-Prilep
[2] Tobacco Combine-Prilep
R. of Macedonia

Quality management in production of tobacco and tobacco products is a continuous process of improvement of production and meeting the requirements both of the producers and of consumers.
The quality management at all levels must be based on permanent activities and improvement of the relations and motivations of the employees, constant information on input and output processes as well as on the total situation in the enterprise, application of professional methods (planning, performing, checking and taking activities), etc.

In order to make Macedonian norms for tobacco production compatible with those in Europe and developed countries in the world, we must work in compliance with DIN ISO international standards.
The aim of this study was to emphasize the advantages of introducing the quality system ISO 9000 and to present some other international standards on tobacco and tobacco products, prepared by the Technical board for quality ISO/TC 126.

## ИСПИТУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ТУТУНСКАТА СУРОВИНА ОД ОРИЕНТАЛСКИ ТИПОВИ ТУТУН ДОБИЕНА СО СУШЕЊЕ НА РАЗЛИЧНИ КАТОВИ ВО СУШНИЦА ПОКРИЕНА СО ПОЛИЕТИЛЕНСКО ПЛАТНО

**М. Смоквоски, Р. Цвејоски**
Институт за тутун-Прилеп
Р. Македонија

Сушењето на тутунот претставува многу важна етапа од производството и обработката на тутунот. Сушењето на тутунот е проследено со длабоки и сложени физиолошко-биохемиски и хемиски промени. Од карактерот на овие промени кои се условени од начинот на сушење, во голема мера зависи квалитетот на суровината. Во